27.07.2017г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Центарот за управување со кризи за прилогот насловен „Sindikata: Buxhaku spiunonte të punësuarit“ (Синдикат: Буџаку ги шпионирал вработените), објавен на телевизијата „Шења“ (www.shenja.tv)**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинарите е прекршен во членот 1.

Член 1

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 јуни 2017 Центарот за управување со кризи поднесе жалба за прилогот со наслов „Sindikata: Buxhaku spiunonte të punësuarit“ (Синдикат: Буџаку ги шпионирал вработените), објавен на 16 јуни 2017, година во 18 часот и 55 минути, на телевизијата „Шења“.

Во жалбата се наведува дека објавениот прилог содржи неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија Шења и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од „Шења“ одговорија дека од почетокот на нивното работење, па до денес, континуирано се под притисок од страна на претставници на ДУИ, но и покрај тоа тие продолжуваат да известуваат на објактивен начин. Тие сметаат дека и самата жалба од Агрон Буџаку, функционер на оваа партија и в.д. на Центарот за управување со кризи (ЦУК), е дел од притисоците кои во континуитет се вршат врз телевизијата, со цел валкање на нивната професионална работа. Од телевизијата наведуваат и за случаи на селективност на Буџаку при контакт со медиумите.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на прилогот е **ОСНОВАНА**

На седницата на 17.07.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот прилог. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во него. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Членовите на Комисијата констатираа дека прилогот произлегува од јавниот интерес и, како таков, јавните институции и работата на носителите на јавни функции, претставува легитимна новинарска цел. Во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, политичарите и јавните функционери прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа. Новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, се со цел да поттикне јавна дебата на конкретна тема.

Сепак, Комисијата најде дека авторот имал обврска, но не обезбедил став од сите засегнати страни од прилогот. Со тоа, го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојува реченицата:

***„Синдикатот на вработените на ЦУК, обелодени и низа документи со кои се тврди дека во Центарот за управување со кризи, во времето кога вршител на должноста е Агрон Буџаку, се направени бројни злоупотреби и прекршување на закони“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди и „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Познавајќи го однесувањето на голем број јавни функционери и институции, земајќи ги предвид и специфичните односи со една политичка партија што ги наведува ТВ Шења, Комисијата сепак смета дека медиумот требало да направи барем обид да се презентира ставот на втората страна, без оглед што преовладувал ставот дека тоа е „однапред невозможно“ и во прилогот, новинарскиот производ, јасно да посочи дека бил направен обид да се слушне и мислењето на спротивната страна.

Комисијата за жалби ги истакнува како позитивни заложбите на телевизија Шења за објективно и професионално известување и потенцира дека не е дозволена селективност меѓу медиумите, туку овозможување на еднаков пристап до информациите за сите медиуми, со што го осудува постапувањето на јавните личности, функционерите на политичките партии и раководители на институции, вклучувајќи ја и ЦУК, бидејќи од документацијата што ни ја приложи ТВ Шења пред и по конкретниот прилог за кој решаваше Комисијата се гледа

таква селективност и затвореност. Сепак, во конкретниот предмет на жалбата Комисијата не можеше да утврди дека медиумот/авторот направиле напор да обезбедат мислење од втората страна.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

**Се обврзува телевизија Шења (www.shenja.tv), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595